**20151263739**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живина и диви птици, како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 183/14, 200/14, 17/15, 35/15 и 123/15), Прилогот се заменува со нов Прилог, кој  е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-317/6 — Директор на Агенцијата за храна

23 јули 2015 година — и ветеринарство,

Скопје — м-р **Зоран Поповски**,с.р.

Прилог

1. **Израел**
   - Дистриктот Северен Израел (Northern District of Israel)

2. **Велика Британија**
   - **Заштитна зона**

| **ИСО код** | **Земја** | **Код (доколку постои)** | **Област која се состои од:** |
|---|---|---|---|
| **UK** | **Велика Британија** | **ADNS код** | **Име:** |
| | | PR1-PR2/00151 | Во Preston (Lancashire, North-Western England), областа во рамките на круг во радиус од 3 километри, кој се наоѓа на референтни координати SD56856-37176 согласно со Националната Агенција за Мапирање на Велика Британија (Ordnance Survey Landranger) со размер од 1:250,000 (координати 53.829045, -2.656974). |

- **Зона под надзор**

| **ИСО код** | **Земја** | **Код (доколку постои)** | **Име:** |
|---|---|---|---|
| **UK** | **Велика Британија** | **ADNS код** | **Област која се состои од:** |
| | | PR1-PR2/00151 | Во Preston (Lancashire, North-Western England), областа во рамките на круг во радиус од 10 километри, кој се наоѓа на референтни координати SD5685-637176 согласно со Националната Агенција за Мапирање на Велика Британија (Ordnance Survey Landranger) со размер од 1:250,000 (координати 53.829045,-2.656974), надвор од областа вклучена во кругот опишан во заштитната зона. |
| | | | Во Preston (Lancashire, North-Western England), областа во рамките на круг во радиус од 3 километри, кој се наоѓа на референтни координати SD568563-7176 согласно со Националната Агенција за Мапирање на Велика Британија (Ordnance Survey Landranger) со размер од 1:250,000 (координати 53.829045,-2.656974). |